Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Правен факултет, Центар за правно политички истражувања, Штип, Македонија

ТРЕТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

**Штип, 2016**

Third International Scientific Conference: SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD © 2016 Copyright Goce Delcev University in Shtip, Republic of Macedonia. Address: Goce Delcev University, Shtip, Faculty of Law, ul. Krste Musirkov bb, PO box 201, 2000, Shtip, R. Macedonia. www.ugd.edu.mk; www.clpr.ugd.edu.mk.

**Печати / Print 2- ri Avgust- Shtip**
**Графичка подготовка – Центар за Правно- политички истражувања**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42(100)(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција Општествените промени во глобалниот свет (3 ; 2016 ; Штип)
Општествените промени во глобалниот свет = Social change in the global world = Социальные изменения в глобальном мире : зборник на трудови = proceedings = сборник материалов / Трета меѓународна научна конференција = Third international scientific conference = Третая международная научная конференция. - Штип : Универзитет Гоце Делчев = Shtip = Goce Delcev University = Штип = Университет Гоце Делчева, 2016. - 1052 стр. : табели ; 25 см

Трудови на мак., англ. и рус. јазик. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-353-9
I. International scientific conference Social change in the global world (3 ; 2016 ; Shtip) види Меѓународна научна конференција Општествените промени во глобалниот свет (3 ; 2016 ; Штип). - II. Международная научная конференция (3 ; 2016 ; Штип) види Меѓународна научна конференција Општествените промени во глобалниот свет (3 ; 2016 ; Штип)
а) Општествени промени - Свет - Собири
COBISS.MK-ID 102150666

Goce Delcev University in Shtip, Faculty of Law, Center for Legal and Political Research, Shtip, Macedonia

THIRD INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

# SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD

PROCEEDINGS

**Shtip, 2016**

Университет им. Гоце Делчева, Юридический факультет, Центр правовых и политических исследований (Штип, Македония)

ТРЕТАЯ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ КОНФЕРЕНЦИЯ

# СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

CLPR

Center for legal and Political Research

## СБОРНИК МАТЕРИАЛОВ

**Штип, 2016**

## Организациски комитет / Organizational Committee/ Организационный комитет конференции

Strashko Stojanovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University "Goce Delcev"- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk

Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk

Marija Ampovska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, marija.radevska@ugd.edu.mk

## Програмски комитет / Program Committee / Программный комитет конференции

Adoyi Onoja PhD, Nassarawa State University, Keffi, Nigeria, onojaa@yahoo.com

Afet Mamuti PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, afet.mamuti@unite.edu.mk

Agim Nuhiu PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk

Agor Sarkisyan PhD, University of Svishtov, Bulgaria, agop@uni-svishtov.bg

Alenka Verbole PhD, currently- OSCE Mission in Tirana, University of Ljubljana, Slovenia, alenka.verbole@osce.org

Altin Shegani PhD, Faculty of Law, University of Tirana, Albania, altin_shegani@yahoo.com

Ana Nikodinovska Krstevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk

Anastasia Bermúdez Torres PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, abermudez@ulg.ac.be

Andon Majhoshev PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, andon.majhosev@ugd.edu.mk

Bekim Beliqi PhD, University of Prishtina, Department of Political Science, Kosovo, bekim.baliqi@gmail.com

Belul Beqaj PhD, University of Business and Technology, Department of Political Science, Prishtina, Kosovo, belul.beqaj@gmail.com

Borka Tushevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, borka.tusevska@ugd.edu.mk

Elena Ivanovna Nosreva PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, elena@nosyreva.vrn.ru

Gabriela Belova PhD, Faculty of Law, University "Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgaria, gbelova@hotmail.com

Gemma Andreone PhD, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com

Haluk Aydin PhD, Faculty of Arts and Sciences, Balıkesir University, Balıkesi, Turkey, aydinhaluk@hotmail.com
Igor Kambovski PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia, igor.kambovski@ugd.edu.mk
Ivana Bajakić PhD, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr
Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk
Kristine Whitnable PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristine.whitnable@ugd.edu.mk
Jadranka Denkova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk
James C. Helfrich PhD, Global Scholars, Liberty University, Colorado, USA, jchelfrich@aol.com
Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University “Goce Delcev”- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk
Jusuf Zejneli PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, jusuf.zejneli@unite.edu.mk
Maciej Czerwinski PhD, Institute of Slavic Philology, Jagiellonian University, Krakow, Poland, maciej.czerwinski@uj.edu.pl
Marieta Olaru PhD, Doctoral School in Business Administration, Research Center for Business Administration, Department of Business, Consumer Sciences and Quality Management, The Bucharest University of Economic Studies, Romania, olaru.marieta@gmail.com
Marija Ignjatovic PhD, Faculty of Law, University of Nis, Serbia, marija@prafak.prafak.ni.ac.rs
Marina Valentinovna Sencova (Karaseva) PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, smv@law.vsu.ru
Mato Brautović PhD, University of Dubrovnik, Croatia, mbraut@unidu.hr
Migena Leskoviku PhD, Law Faculty, European University of Tirana, Albania, migena.leskoviku@gmail.com
Natalia Vladimirovna Butusova PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru
Naser Ademi PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia , dr.naserademi@gmail.com
Nives Mazur Kumrić PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liège, Belgium, nives.mazurkumric@ulg.ac.be
Olga Koshevaliska PhD, University “Goce Delcev”- Shtip, Faculty of Law, Macedonia, olga.kosevaliska@ugd.edu.mk
Patrick Wautelet PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, patrick.wautelet@ulg.ac.be
Recai Aydin PhD, Associate Professor, Vice Rector of International University of Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, raydin77027@yahoo.com
Ruzica Simic Banovic, PhD in Economics, Senior Assistant - Lecturer, Faculty of Law, University of Zagreb, Croatia, ruzica.simic@pravo.hr

Senada Sabic Selo PhD, Institute for International Relations, Zagreb, Croatia, senada@irmo.hr
Silviu G. Totelecan PhD, Cluj-Napoca Branch of Romanian Academy, Socio-Human Research Department of "G. Baritiu" History Institute, Romania, silviu.totelecan@g,ail.com
Slavejko Sasajkovski PhD, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University “St. Cyril and Methodius”, Skopje, Macedonia, bilbilef@isppi.ukim.edu.mk
Strahinja Miljkovića PhD, Faculty of Law, Mitrovica, strahinja.miljkovic@pr.ac.rs
Strashko Stojanovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk
Suzana Dzamtoska Zdravkovska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, suzana.dzamtoska@ugd.edu.mk
Tamara Perisin, MJur (Oxon) PhD, Department of European Public Law - Jean Monnet, University of Zagreb - Faculty of Law, Croatia, tamara.perisin@pravo.hr
Tatjana Petrovna Suspicina PhD, Moscow Law Academy, Moscow, Russia
Tunjica Petrašević PhD, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr
Yuriy Nikolaevich Starilov PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, juristar@vmail.ru
Wouter Van Dooren PhD, Public Administration and Management, University of Antwerp, Belgium, wouter.vandooren@uantwerpen.be
Zoran Tomic PhD, University of Mostar, Bosnia and Herzegovina, zoran.tomic@sve-mo.ba

## Содржина / Table of Contents

**LAW** ........................................................................................... **17**

THE SPECIFICS OF THE PRIVATE PLACEMENT OF SECURITIES IN THE MACEDONIAN SECURITIES LAW
**Marko Andonov, Kristina Misheva** .......................................................... 19

МОДЕРЕН - СОВРЕМЕН И УСПЕШЕН - ЕФИКАСЕН МЕНАЏЕР
**Bojo Беловски** .......................................................................................... 35

SOME SPECIFICS IN REGULATION OF CONTRACT ON ASSIGNMENT AND DIVISION OF PROPERTY INTER VIVOS IN SERBIAN AND MACEDONIAN LAW
**Novak Krstić** ............................................................................................ 53

APPLICATION OF THE PRINCIPLE OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT TO THE INTERNATIONAL LAW OF FRESH WATER RESOURCES
**Mihajlo Vučić** .......................................................................................... 79

THE INSTITUTION OF COMMON PROPERTY – FEATURES AND TYPES
**Emine Zendeli** .......................................................................................... 97

ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО
**Албана Метај-Стојанова** ....................................................................... 119

СТЕКНУВАЊЕ НА РОДИТЕЛСКОТО ПРАВО ПРЕКУ СУРОГАТ МАЈКА- ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИОМЕДИЦИСНКО ПОТПОМОГНАТО ОПЛОДУВАЊЕ
**Арта Селмани-Бакиу** ........................................................................... 129

ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕИСПРАВЕН ПРОИЗВОД ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО
**Марија Амповска** ................................................................................. 153

ALTERNATIVE FORMS OF LIABILITY IN THE CONTEXT OF APPEALS CHAMBER POWER - VIEW FROM THE ICTY
**Sasa Knezevic, Goran Djordjevic** ........................................................ 177

СРАВНИТЕЛЬНО-ПРАВОВОЙ АНАЛИЗ ЗАКОНОДАТЕЛЬСТВА О ГРАЖДАНСТВЕ РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ И БАЛКАНСКИХ СТРАН
**Вера Бабурина**.......................................................................................... 193

THE PRESIDENTIAL RIGHT TO PARDON AS AN INSTITUTE OF CRIMINAL LAW
**Besa Arifi**................................................................................................. 213

CONFIDENTIALITY IN MEDIATION
**Elizabeta Spiroska, Ivan Bimbilovski** .................................................. 235

КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ПРОСТИТУЦИЈАТА: СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА АНТИЧКАТА ПРАВНА УРЕДЕНОСТ
**Елена Максимова, Димитар Апасиев** ............................................... 249

HATE SPEECH - EUROPEAN STANDARDS AND EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS CASE LAW
**Darko Dimovski, Ivan Ilic** ..................................................................... 271

INTERNATIONAL PUBLIC LAW IN THE JURISPRUDENCE OF THE EUROPEAN COURT OF JUSTICE
**Sanja Đorđević Aleksovski**...................................................................... 287

КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ И ИМОТНА КОРИСТ ВО СЛУЧАЈ НА АБОЛИЦИЈА
**Олга Кошевалиска, Елена Максимова**.............................................. 305

DA MIHI FACTO, DABO TIBI JUS
**Марија Игњатовић** ................................................................................. 325

ARE KNOW-HOW AND INTELLECTUAL PROPERTY RIGHTS AN INITIAL REASON FOR JOINING FRANCHISING NETWORK
**Strahinja D. Miljković, Aleksandra Vasić, Goran Tišić** ....................... 339

THE APPLICABILITY OF THE INSTITUTE OF ADMINISTRATIVE SCIENCE IN THE MACEDONIAN LEGISLETION
**Jadranka Denkova, Andrej Angelovski** ................................................ 353

THE MEANING OF DISSUASIVE, PROPORTIONATE AND EFFECTIVE SANCTION IN DISCRIMINATION CASES
**Zaneta Poposka** ........................................................................... 367

МЕЖДУНАРОДНЫЕ СТАНДАРТЫ ОТПРАВЛЕНИЯ УГОЛОВНОГО ПРАВОСУДИЯ В ОТНОШЕНИИ НЕСОВЕРШЕННОЛЕТНИХ
**А.А. Анисимов, В.Г. Просвирнин** ....................................................... 383

ВЕШТАЧЕЊЕТО КАКО ДОКАЗНО СРЕДСТВО ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА НА АНГЛИЈА И ВЕЛС
**Никола Мицковски, Весна Трајановска** .......................................... 397

НЕЧЕСНИТЕ ДОГОВОРНИ КЛАУЗУЛИ ВО АВИОНСКИОТ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ
**Борка Тушевска**........................................................................... 415

КОДЕКС ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ЕТИКА НА НОТАРИТЕ
**Ебру Ибиш** ................................................................................... 443

LOCATIO CONDUCTIO ОД РИМСКОТО ПРАВО И НЕГОВИТЕ СОВРЕМЕНИ „ПРАВНИ НАСЛЕДНИЦИ“( I )
**Димитар Апасиев, Марија Амповска**................................................ 463

ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ КАЈ АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА
**Горан Коевски, Борка Тушевска, Дарко Спасевски**........................ 483

**POLITICS........................................................................................ 519**

МОЌТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА ГЛОБАЛНАТА МЕЃУНАРОДНА СЦЕНА
**Милка Димитровска**........................................................................ 521

ЗАКАНАТА НА ТЕРОРИЗМОТ ВРЗ БАЛКАНОТ: МЕТА НА ТЕРОРИСТИТЕ ИЛИ ПОГОДНО ТЛО ЗА ШИРЕЊЕ НА НИВНАТА ИДЕОЛОГИЈА
**Ице Илијевски, Кире Бабаноски, Злате Димовски** .......................... 545

THE RIGHTS OF SMALL ETHNIC COMMUNITIES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA
**Marina Andeva, Ivan Dodovski** ........................................................ 561

THE NATINAL SECURITY SYSTEM OF MONTENEGRO
**Xhemail Limani** ........................................................................ 577

MAKING GOVERNANCE OF GLOBAL FINANCE MORE ACCOUNTABLE: INSIGHTS FROM POLITICAL PHILOSOPHY AND ECONOMY
**Marin Beroš, Marta Božina Beroš** ................................................... 593

POSITION OF THE WHISTLEBLOWERS IN THE UNITED NATIONS SYSTEM 10 YEARS AFTER SECRETARY-GENERAL'S BULLETIN ON PROTECTION AGAINST RETALIATION – HOW FAR HAVE WE COME?
**Marko Novaković** ..................................................................... 609

ISIS, MIGRANT CRISIS AND TURKEY'S ROLE AS PROTECTOR OF THE SECURITY OF EU
**Ivica Simonovski**, **Zeynep Ece Unsal** ................................................ 619

RELIGION, TERRORISM AND WORLD POLITICS
**Elena Tilovska-Kechedji** .............................................................. 641

THE RISE OF ISLAMIC STATE OF IRAQ AND SYRIA (ISIS)-THREAT FOR GLOBAL PEACE AND SECURITY
**Kire Janev, Zlate Dimovski** .......................................................... 651

ПОЛИТИЧКИОТ ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО УЛОГАТА НА ГЛОБАЛЕН АКТЕР И ПРОБЛЕМОТ СО ЗАПОСТАВУВАЊЕТО НА ЗЕМЈИТЕ ОД ИСТОЧЕН И ЦЕНТРАЛЕН БАЛКАН-БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, КОСОВО, Р. МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА
**Мики Рунтев** .......................................................................... 661

О ГАРАНТИЯХ ПРАВ МАКЕДОНСКОГО НАЦИОНАЛЬНОГО МЕНЬШИНСТВА В БОЛГАРИИ
**Наталия Бутусова, Стойко Стойков** .................................................. 677

ДЕМОКРАТИЈАТА НИЗ ПРИЗМАТА НА ПОЛИТИКАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА
**Ана Никодиновска Крстевска, Наталија Шикова** ........................... 697

НОВИ ФОРМИ НА ПОЛИТИЧКИ МАРКЕТИНГ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ
**Јован Анание, Игор Голубов** ................................................................ 719

**SOCIETY ........................................................................................ 741**
ПРОСТОРОТ И ВРЕМЕТО ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И КРЕИРАЊЕ НА ИДЕНТИТЕТОТ
**Драган Стефановски** ........................................................................ 743

HIDDEN POLITICAL, SOCIAL, ECONOMIC AND LITERARY THEORIES THAT SUPPORT THE AMERICAN DREAM AND ITS SURVIVAL
**Safaa Rabeeakh** .................................................................................. 759

STIMULATION OF CRITICAL AND CREATIVE THINKING PROCESS THROUGH PSYCHOLOGICAL WORKSHOPS AMONG POSTGRADUATE STUDENTS
**Eleonora Serafimovska, Marijana Markovikj** ........................................ 769

CULTURE AND LAW IN THE INTERCULTURAL COMMUNICATION AND COOPERATION
**Ranka Jeknić** ...................................................................................... 791

SHAPING AND MODELING PERSONALITY IN PROCESS OF LONG LASTING TRANSITION – CASE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA
**Marijana Markovikj, Eleonora Serafimovska** ....................................... 807

THE URBANIZED ALIENATION OF THE RELIGIOUS INDIVIDUAL — THE INNOVATIVE CONCEPT OF SOCIOLOGY OF RELIGION
**Karina Politkina, Tatyana Svetlichnaya** ................................................ 821

КОНСТИТУЦИОННЫЕ ОСНОВЫ ФОРМИРОВАНИЯ ГРАЖДАНСКОГО ОБЩЕСТВА В РОССИИ И ГОСУДАРСТВАХ ЕВРОПЫ
**Инна Стародубцева** ......................................................................... 827

THE PERSPECTIVE OF DECENT WORK IN CONDITIONS OF GLOBALIZATION
**Slobodanka Kovačević-Perić** ........................................................ 837

РАЗВОДОТ НА БРАКОТ И СИМПТОМИТЕ НА СТРЕС КАЈ РАЗВЕДЕНИТЕ ЖЕНИ
**Хатиџе Исљами**.......................................................................... 849

SOCIETY TODAY: THE CHALLENGE OF HUMAN RIGHTS AND THE WAY FORWARD
**Mirjana Sredojevic**...................................................................... 859

THE ROLE OF STEREOTYPES IN CREATING SOCIAL DISTANCE AND SOCIAL INCLUSION IN REPUBLIC OF MACEDONIA
**Strashko Stojanovski, Jadranka Denkova**............................................. 877

ANALYSIS OF THE DEVELOPMENT OF THE CONCEPT OF THE INFORMATION SOCIETY IN RUSSIA
**Anastasia Petukhova, Svetlana Krepysheva**.......................................... 895

**MEDIA AND COMUNICATION ........................................................ 915**

WHAT PRINT MEDIA WRITE FOR WORKERS RIGHTS AND PROBLEMS IN REPUBLIC OF MACEDONIA IN THE PERIOD 1.03.2014-31. 08. 2014
**Suzana Dzamtoska-Zdravkovska, Andon Majhosev** ............................ 917

ABDUCTION OF AN EGYPTIAN AIRCRAFT IN MARCH, 2016: DISCOURSE IN TRADITIONAL MEDIA AND INFORMATION SITES
**Plamen Atanasov**.......................................................................... 933

INTERPRETATION OF NON-VERBAL SIGNS IN THE INSTANT INTERNET COMMUNICATION VIA VIBER AND FACEBOOK MESSENGER
**Nataša Jović, Borislav Vukojević, Bojana Miodragović**......................... 943

TWO-WAY COMMUNICATION IN REGIONAL POLICY: THE TECHNOLOGY OF SOCIETAL MARKETING.
**Daria Shcheglova** ......................................................................... 961

THE PHENOMENON OF RISING NATIONALISM AND XENOPHOBIA IN HUNGARY IN THE CONTEXT OF THE 2015/2016 REFUGEE CRISIS AND ITS REFRECTION IN CROATIAN MEDIA
**Nefreteta Zekić Eberhard**, **Tomislav Levak** .......................................... 967

HOW THE MEDIA IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA REPORT ON THE ACTIVITIES OF THE PUBLIC PROSECUTION OF RELATED OFFENSES ARISING FROM THE CONTENT OF THE ILEGAL INTERCEPRION OF COMMUNICATIONS IN THE PERIOD 1.04.-30.06. 2016
**Andon Majhosev, Zlatko Bakev**.............................................................. 989

HATE SPEECH ON SOCIAL MEDIA IN REPUBLIC OF MACEDONIA
**Dejan Marolov, Strashko Stojanovski**.................................................. 1009

ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОШТЕНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Диана Бошковска, Наташа Данилоска, Елизабета Џамбаска, Александра Лозаноска** ........................................................................ 1033

316.625:316.613.434]:316.774(497.7)

# ГОВОР НА ОМРАЗА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Дејан Маролов**

Доц. д-р, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Македонија

e-mail: dejan.marolov@ugd.edu.mk

**Страшко Стојановски**

Проф. д-р, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Македонија

e-mail: strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Овој труд се базира на истражување спроведено на Правниот факултет во Штип во периодот 2015/16 година. Говорот на омраза како општествен феномен има повеќе димензии. Од правен аспект, тешко е да се определи разграничувањето помеѓу говорот на омраза и слободата на изразување. Од аспект на социјалната интеракција и инклузија, може да се забележи влијанието на повеќе категории врз говорот на омраза врз база на меѓуетничките односи и политичката мобилизација. Екстремната и континуирана манифестација на говорот на омраза може да предизвика криминал од омраза, за кој може да се најдат примери во Република Македонија од последните неколку години. Оттука, неопходна е регулација на интернет просторот за намалување на нивото на говор на омраза, а истото не може да биде само предмет на саморегулација на различните социјални медиуми, но истовремено мора да се внимава на задржување на слободата на говор на највисоко ниво.

***Клучни зборови:*** *говор на омраза, социјални медиуми, слобода на изразување, Македонија, криминал од омраза.*

# HATE SPEECH ON SOCIAL MEDIA IN REPUBLIC OF MACEDONIA

**Dejan Marolov**

Assistant professor, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia

e-mail: dejan.marolov@ugd.edu.mk

**Strashko Stojanovski**

Associate professor, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia

e-mail: strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

## Abstract

This paper is based on research conducted on Faculty of Law in Shtip in the period 2015/2016. Hate speech as social phenomenon has multiply dimensions. From aspect of legal point of view, we cannot determine the borderline between hate speech and freedom of expression. From point of view of social interaction and inclusion, we can notice the influence of different categories of hate speech on interethnic relations and political mobilization. The extreme and continues manifestation of hate speech can cause hate crime, of which we can find examples in Republic of Macedonia in the last few years. So, the regulation of internet space and social networks is necessity for decreeing the level of hate speech, which cannot be open just to selfregulation of the very social media, but in the same time we have to keep the freedom of expression of the highest level.

***Keywords:*** *hate speech, social media, freedom of expression, Macedonia, hate crime.*

**Вовед: Методологија на истражувањето**

Истражување кое е реализирано во рамките на Центарот за правно-политички истражувања, на Правниот факултет, при Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип. Истражувањето се однесува на „Говор на омраза на Интернет". Во рамките на истражувањето се реализирани две работилници: 1. Работилница за запознавање на основните поими на Дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза и 2. Методолошка работилница за изработка на истражувањето. Истражувањето е во финална фаза на прибирање и обработка на податоците спроведени од група на студенти на Правниот факултет во Штип, под менторство на доц. д-р Страшко Стојановски.

На 21 Април 2015 година, се одржа методолошка работилница, која ја реализира доц. д-р Страшко Стојановски. Во оваа прилика студентите на Правниот факултет се запознаа со дел од основните методолошки постулати на научно истражување. Исто така, дел од студентите поделени во тимови се насочуваат кон истражување за Говорот на омраза на Интернет (Facebook, You Tube, Twitter, Форуми и сл.).

Притоа студентите Никола Лазаревски и Розета Јованова истражуваат за Говорот на омраза на facebook. Покрај фејзбук страниците на случајно одбрани лични страници, фокусот ќе биде ставен и на специјални страници креирани со цел за ширење на говор на омраза, навивачки групи, јавни личности, медиуми и сл. Студентите Александар Стоилов и Марина Карова се фокусирани на истражување на говорот на омраза на twitter социјалната мрежа. Студентите Андреј Митевски и Верица Георгиева своето истражување за присуството ан говор на омраза на интернет го имаат насочено кон Форумите, како место за дискусии. Студентите Антонио Стоилов и Мартин Мартин Велинов истражуваат за говор на омраза на youtube.

**Резултати од истражувањето**

Во рамките на спроведеното истражување беа опфатени повеќе медиуми кои се темелат на пласирање на информации преку интернет. Притоа, од фокусот на истражувањето се исклучени мас медиумите (ТВ станици, весници и радија), но бидејќи од истите информациите се десеминираат во рамките на социјалните мрежи (twitter, facebook и you tube), информациите кои потекнуваат од нив можат да генерираат или да поттикнат говор на омраза која се шири преку индивидуалните профили или колективните мрежи.

Кога се зборува за видот и карактерот на говорот на омраза, можеме да лоцираме неколку категории. Притоа може да се зборува за говор на омраза втемелен на религиска основа, етно-национална (националистички) основа, расна основа, политичка припадност, сексуална ориентација, професионална ориентација, но и нов вид на говор на омраза кој се јавува во однос на бегалците од блискиот и средниот исток, кој се темели на економски, расни, национални и други претпоставки.

За социјалната мрежа Twitter се има впечаток дека говорот на омраза не е во фокусот на нејзините корисници (зборувам за македонски твитерџии) и најчесто говорот на омраза кој се појавува е во некоја завиена форма и е индирктен или нема користење на дирекно навредливи зборови и вулгаризми (во најчест случај, постојат исклучоци). Она што мора да се нагласи за оваа социјална мрежа е тоа дека на неа најмногу се пишува за она што во дадениот момент е актуелно а често некоја сосема споредна (или воопшто незабележлива) работа може да предизвика реакции на твитер заедницата а од самото тоа да се направи карактеристичен хумор. Една од работите која треба да се напомене е тоа дека оваа социјална мрежа им овозможува на нејзините корисници да бидат анонимни и ја прави најголемата разлика од останатите социјални мрежи со тоа што нејзините корисници под никнејмот кој го користат можат да пишуваат што сакаат без никој да знае кој се тие... а тоа овозможува поголема слобода на говор.

Оваа слобода овозможува да се твита за се и сешто но она што е забележливо е тоа дека кога има нешто актуелно се појавува на твитер и веднаш почнуваат сите да пишуваат за тоа, имајќи предвид дека во периодот кога се прави ова истражување најактуелна е политичката криза најмногу може да се забележи политички говор на омраза кој се однесува кон партиите (и навреди кон одредени личности од политиката.

Имајќи предвид дека медиумите се главни преносители на целата ситуацијаа тие се премногу често на мета на твитерџиите, најчесто се препишува хумор и омаловажување на нивна сметка но не ретко тоа ја минува линијата и станува говор на омраза.

Во однос на етничките заедници кој живеат во Македонија забележително е дека твитер е социјална мрежа на која може да се забележи најмногу соживот и лесно е забележлива разликата помеѓу говорот на омраза (пример релација македонец-албанец) на некоја друга социјална мрежа и на твитер и почесто можат да се забележат пријателски твитови отколку твитови со говор на омраза.

Религиски говор на омраза на оваа социјална мрежа може да се забележи само во случај на некакви изјави на верски лидери соопштенија и слично но директно напаѓање кон туѓа религија е речиси и незабележително.

Говор на омраза помеѓу навивачки групи може да се забележи само ви случај на некој актуелен настан на екипи но на твитер тоа го има многу малку доколку се земе периодот во кој се прави истражувањето дека не се случуваат некој посебни спортски настани овој вид на говор на омраза речиси и го нема.

Интересно е да се напомене дека кај многу примери на говор на омраза постои поклопување на неколку од основите. Од аспект на медиумите, мораме да напоменеме дека се избегнува говор на омраза на официјалните страни, без разлика дали се работи за медиуми, форуми, или дури и навивачки групи. Но, истите многу пати делуваат стимулативно истиот да се појави на индивидуалните профили на поединци, или пак како индивидуални ставови да биде пласиран на форумите или во коментари на одредени поставени содржини. Во оваа смисла, многу често говорот на омраза има поширока регионална димензија, особено во контекстот на регионот на Југоисточна Европа.

Карактеристично за секој вид на говор на омраза е дека постои јасна тенденција на групата која е предмет на истиот, како и повикување на насилство врз членовите на истата.

**Говор на омраза на религиска основа**

Во Република Македонија, како мултиконфесионална држава долго време во историјата е присутен говорот на омраза на религиска основа. Притоа, според типот на содржината јасно се забележува дека истата едновремено упатува на повеќе основи. Во прв ред, заедно со религиската припадност најчесто се добива и расна и национална конотација.

Во овој дел нудиме неколку примери за говор на омраза на религиска основа.

Многу често на фудбалските натпревари се поставуваат содржини кои предизвикуваат говор на омраза на интернет. Со самото пренесување на ваквите информации на медиумите се поттикнува говор на омраза, кој многу често потоа се пренесува низ социјалните мрежи и се експлоатира за политички цели. Во прилог нудиме две содржини со ваков карактер. Првата е врзана со натпис „Смрт за каури“, кој е напишан на стадионот во Тетово (види линк http://ednimakedonci.blogspot.com/2013/08/blog-post.html), а вториот за парола

на навивачка група на фудбалски клуб во Скопје (види линк https://www.facebook.com/307749779261874/photos/a.307896525913866.67140.307749779261874/379238022113049/?type=1&theater).

Се јавуваат многу коментари во кои одредена етничка група се поврзува со религиозната припадност, при што се дискредитира целата или дел од групата (види http://forum.kajgana.com/threads/%D0%9F%D0%B5%D1%82-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B8-%D0%B7%D0%B0%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%80-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D1%87%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE-%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%BF%D0%B0%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%BE%D1%98%D1%81%D0%BA%D0%B0.74764/).

Конкретни настани, како што беа инцидентите на Кале, исто така предизвикуваат говор на омраза базиран на религиска основа. Ова е дотолку изразено, бидејќи конкретниот инцидент се однесува на иницијатива за градење на религиски објект.

Коментар: „*Море каури едни да ви ебам верата цркнете 25 милиони албанци против 1 милион каури ке ве згазиме бре све ви ебам верата каурска да ви ебам, немај милост кон каур утепај све*."

Или следнот коментар:

Коментар: „*Корен ви ебам муслимански бре*"

Постојат и facebook страници кои директно повикуваат на говор на омраза на религиска основа како „Смрт за Каури" (види https://www.facebook.com/smrt.kauri; https://www.facebook.com/shqiperi.smrtzakauri), но мора да се напомене дека ваквите коментари исто така имаат и силна националистичка основа.

**Говор на омраза на етно-национална (националистичка) и расна основа**

Ваквиот тип на говор на омраза е најраширен не само во Република Македонија, туку и во поширокиот регион на Балканот. Причините треба да се бараат во зајакнувањето на Балканските национализми, кои го интензивираа своето присуство со распадот на еднопартиските системи во 90-те години од 20 век и многу често добиваат и силна политичка конотација.

Во прилог нудиме повеќе примери за говор на омраза на национална, етничка и расна основа. Така, многу чести се коментарите од типот:

Коментар 1: „*СМРТ ЗА ШИПТАРИ!!! ЧИСТА ЧИСТА ЧИСТА МАКЕДОНИЈА!!!*"

Коментар 2: „*За 4-5 дена маме ке им ебеме :)) Чиста Македонија <33*"

Коментар 3: „*Да ти ебам све шиптарско во фамилија све да гори, само смрт заслужувате ништо друго*"

Или

https://www.youtube.com/watch?v=jwX8HBT3F3U

Коментар: „*Вардар тече Шиптар умира!*"

Коментар: „*Па секогаш и секаде го јадат шиптариве цел живот ги тепаме како магариња...*"

*САМО МРТОВ ШИТПАР Е ДОБАР ШИПТАР !!!*

Покрај експлицитните изјави, говорот на омраза на националистичка основа многу често е пропратен со постови во кои се промовираат големодржавните идеи, преку мапи, или пак се нагрдуваат националните симболи на противничкиот етнос или национална група. На пример:

Група на Facebook „Смрт за шиптари": Во оваа група се застапени само слики со карактер на омраза и исмејување на Албанците односно „шиптарите" и воглавно лајкови т.е допаѓања од Македонци.

Дел од сликите во самата група:





Или постојат слики на кои се велича големоалбанската национална идеја, со претстави на уништување на националните симболи на другите нации:




Suhareka.net


MALI I ZI
KOSOVA
Sofia
Podgorica
Shkodra
DETI ADRIATIK
SHQIPËRIA
E SOTME
Albanien
Salonica
Bari
ITALIA
GREQIA
Korfu
Janina



Мораме да нагласиме, дека покрај визуелниот ефект на сликите, многу често, особено на you tube можат да се најдат и аудио компилации со борбена содржина, документарни филмови, снимки од воени дејствија, воени паради, како и традиционална музика со националистичка или родољубива содржина, што силно влијае за појава и ширење на говорот на омраза на национална основа. Исто така, симболичката војна претставена преку културни и особено спортски настани, многу често се користи за ширење на говор на омраза и подгревање на национализмот. Иако во случајот на Македонија, ваквиот говор на омраза во најголем број од случаите е помеѓу македонската и албанската етничка заедница, се среќаваат и изјави кои се насочени против Српската, Бугарската, Грчката и други држави и националности. Мора да се спомене дека силни рефлексии имаат настаните кога се натпреваруваат некои од соседните земји. Подолу поместуваме неколку примери.

„ЦРКНЕТЕ ГРЦИ МАКЕДОНИЈА Е ВЕЧНА“ (https://www.youtube.com/watch?v=Y_nabrc4Hm8)

Силно влијание имаат манипулирањето со националните симболи и скандирањата на стадионите кои слободно се пренесуваат на you tube. Како класичен пример го наведуваме фудбалскиот натпревар помеѓу Србија и Албанија, кога во Србија со дрон беше спуштено знаме со „Голема Албанија“, по што следуваа скандирања „*Уби, закољи, да шиптар не постоји!*“ (види https://www.youtube.com/watch?v=FjUXGmGwk8Y).

Особено на форумите постои вистински националистички натпревар во кој се шири говор на омраза помеѓу бугарски и македонски активисти (види http://forum.idividi.com.mk/forum_posts.asp?TID=9932). Притоа, многу често се пласираат историски содржини, но нивната интерпретација многу често значи и подгревање на национализмите. Ваквите содржини исто така се лесно достапни на интернет.

На you tube немаат никакви ограничувања содржини во кои се слушаат навивачки песни против другиот етнос. Така на пример можат да се сретнат содржини каде навивачката група „Комити“ извикува: „За Шиптари гасна комора!“ или „*Мртов шиптар, добар шиптар!*“ (види https://www.youtube.com/watch?v=P4WnEfPRX6A).

Омаловажувањето на македонската националност преку навивачки песни кои се присутни на натпреварите на албанските клубови во Македонија се исто така честа пракса. Како пример ја даваме навивачката група „Балисти“, чии содржини се исто така лесно достапни на you tube (види https://www.youtube.com/watch?v=fm8x5fjwScM).

Во делот на расната основа за говор на омраза, особено подложна е ромската етничка група, за која преку креирање на стереотипи се создаваат предуслови за дехуманизација на истата, односно за градење на слика на расно инфериорна група, што многу често е една од главните причини за насилство и омаловажување. Во овој контекст нудиме неколку примери:

Твитовите за припадниците од ромската заедница се објавуваат многу ретко и можат да имат елементи на говор на омраза иако нивна цел е хумор. Најчесто се однесуваат за крадење, нехигена, лажење и слично. (https://twitter.com/search?q=%23%D1%86%D0%B8%D0%B3%D0%B0%D0%B D&src=typd).









Постојат дури и сајтови кои систематски и организирано пласираат содржини со расна конотација, а истите предизвикуваат говор на омраза. Така можат да се сретнат страници на кои можете да прочитате вицови за „црнци“ и „цигани“. Таква е страницата MKDwarez (види http://mkdwarez.forumotion.com/t337-topic), или vicoteka.mk (види http://www.vicoteka.mk/vicovi/rasistichki/).

**Говор на омраза врз основа на политичката припадност**

Говорот на омраза на политичка основа е многу чест, но многу е тешко да се екстрахира од личните дискредитации и објективните критики упатени на сметка на политичките партии и нивните претставници. Исто така и при овој тип на говор на омраза многу често се среќаваат преклопувања со верската, етничката и расната основа на говор на омраза. Многу често дисквалификациите, дискредитациите и навредите упатени кон политичките лидери се проектираат врз целиот политички субјект, неговите членови и симпатизери. Кампањите кои генерираат ваков тип на говор на омраза многу често се систематски организирани, а се со цел да се промовираат сопствените цели и дискредитира политичкиот противник. Особено во услови на интензивна политичка мобилизација (избори, пописи и сл.) политичкиот говор на омраза може да ескалира со насилство.

Во Република Македонија постојат многу примери на говор на омраза на политичка основа. Би сакале да ја напоменеме поделбата на т.н. „предавници“

и „патриоти“, која создава јаз не само меѓу членовите на политичките партии, туку и помеѓу поширокото граѓанство на Македонија. Исто така, подолу се поместени примери во кои, особено на твитер, преку користење на навредливи кратенки се дискредитираат неистомисленците. Ваквите навреди многу често се упатени кон Премиерот или Претседателот на Република Македонија, но истите се проектираат и врз партиските членства и симпатизерите. Конечната цел е дехуманизација и омаловажување, што е карактеристика и за сите претходно спомнати видови на говор на омраза. Синтагмата „Соросоиди“, која масовно се користи дури и во мас медиумите исто така иницира говор на омраза. Исто така забележлива е и диструбуција на обработени фотографии, кои, исто така, иако се насочени кон политичките лидери, предизвикуваат говор на омраза од пошироки размери.

Подолу се поместени неколку примери на говор на омраза на политичка основа:




(https://twitter.com/search?q=%23%D0%96%D0%BC%D1%80%D0%BE&src=typd).

Политички говор на омраза

Се однесува на политичка партија-индиректна форма




Политички говор на омраза - Се однесува на политичка партија Директна форма




Исто така, многу често се користат илустрации, кои треба да ги симболизираат членовите на политичката партија симболички претставени во ликот на нивниот лидер. Иако индивидуалната навреда не претставува говор на омраза, поради поистоветувањето и проекцијата, ваквите илустрации упатуваат токму на колективитет (политичка партија), а со тоа и може да се класификуваат како говор на омраза.Во прилог нудиме неколку вакви илустративни примери:





(https://www.facebook.com/setajbranko/photos/pb.122143557819.-2207520000.1439418897./10152575530102820/?type=3&theater).




Говорот на омраза е силно присутен на порталите на кои се пласираат дневни информации, вести, анализи и слично. Вакви постови се среќаваат во колумните на неколку познати колумнисти како Мирка Велиновска и Миленко Неделковски, порталите кои ги води Саше Ивановски (Политико), порталите Курир, Либертас, Коза Ностра и др. Во прилог даваме неколку примери:

**КУРИР: На соросоидите и опозиционерите сега ЕУ им е виновна (http://www.kurir.mk/makedonija/vesti/188101-Na-sorosoidite-i-opozicionerite-sega-EU-im-e-vinovna).**

**КУРИР: Соросоидите и раководството на СДСМ, алатки за рушење на државните позиции (http://213.133.111.76/makedonija/vesti/178777-Sorosoidite-i-rakovodstvoto-na-SDSM-alatki-za-rusenje-na-drzavnite-pozicii).**

**Саше Ивановски (Политико):** „Апел до читателите на Мактел и до јавноста: ДА ИМ ГО НАПРАВИМЕ ЖИВОТОТ НА КУРВИТЕ НЕПОДНОСЛИВ!!!“ (http://glory.mk/politiko-napagja-drzavata-govor-omraza/).

**Говор на омраза во однос на професионалната ориентација**

Кога се зборува за професионалната ориентација би сакале да споменеме две професии во однос на кои постои пролиферација на говор на омраза на интернет. Прво, постојат примери за говор на омраза насочен кон полицијата. Многу често ваквиот тип на говор на омраза се сведува на споделување на фотографии со навредлива содржина во однос на полициските службеници, но можат да се сретнат и коментари. Како и кај политичкиот говор на омраза тешко е да се направи разлика помеѓу говор на омраза и упатени критики.

Што се однесува на новинарската професија, најчесто се загрозува професионалниот интегритет на одредени новинарски куќи, или истиот се проектира преку лични дискредитации на одредени новинари. Јасно е изразена силната поларизација на политичка основа помеѓу т.н. провладини и опозициски медиуми, а говорот на омраза подеднакво е упатуван кон двете страни. Во овој сегмент повторно мораме да го споменеме невладиниот сектор, кој, повторно врз основа на политичките афилијации, е подложен на говор на омраза.

Пример на говор на омраза, инспириран од политичките афилијации на новинарите, можеме да најдеме во изјавите на Миленко Неделковски (види http://daily.mk/vesti/kazna-za-kanal-5-poradi-govorot-na-omraza-na-milenko).

Во прилог даваме уште неколку примери:




(http://puls24.mk/makedonija/vesti/sekulovska-na-fejsbuk-objavi-skandalozen-grafit-policajci-ubijte-se).




Сметаме дека самото именување на медиумите веќе претставува говор на омраза земајќи во предвид од што се изведени нивните имиња.

### *Говор на омраза врз основа на сексуалната ориентација*

Најексплицитниот извор на говор на омраза е во однос на ЛГБТ заедницата на Република Македонија. Треба да се нагласи дека во однос на генерирањето на ваков тип на говор на омраза, постојат повеќе фактори кои претходно, по различни други основи (раса, етничка припадност, религија и сл.) дури и биле предмет на говор на омраза. Се добива впечаток дека нивото на филтрирање на ваквиот вид на говор на омраза е најмало, што зборува за ниската општествена свест, но и малото ангажирање од институциите, порталите, форумите и сл., кои нерeтко директно, или индиректно истиот го премолчуваат, па дури и стимулираат.

Во прилог поместуваме повеќе примери за ваков тип на говор на омраза на интернет.

http://forum.crnobelo.com/threads/%D0%A5%D0%BE%D0%BC%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%83%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82.2258/page-6

Коментар: „*За мене хомосексуалците се болни луѓе, а болните не можиш да ги мразиш, не се намерно такви. Уште потрагично е шо нема лек за нивната болест мора да си бидат такви цел живот. И нормално е да имат здружение, сите болни имаат свое здружени, болните од рак на праимер. Е сеа би ми бодело очи да видам двајца машки или две девојчиња да седат и да се лигават у парк али ке се навикниме кад тад.*“



(http://forum.crnobelo.com/threads/%D0%A5%D0%BE%D0%BC%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%83%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82.2258/page-15)

Коментар: „*Би го следел примерот на Адолф Хитлер, и би направил сапун од нив.*"




(http://forum.crnobelo.com/threads/%D0%A5%D0%BE%D0%BC%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%83%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82.2258/page-16)

Коментар: „*Кој к*р се тие факти дека природата води до хомосексуалност од еволутивен аспект со што ја побивал дарвиновата теорија.*"




(http://forum.crnobelo.com/threads/%D0%A5%D0%BE%D0%BC%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%83%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82.2258/page-16)

Коментар: „*Ако сакаат да чуваат деца , нека си направат. Што има да посвојуваат бебина, деца и да ги образоваат преку нивните изродски мислења и тврдења дека тоа е сосема нормално. Маж без маженственост со понашање односно психолошки изјаснувања преку неговиот говор за мене претставува п***р. А јас мразам педери. Не сум јас искомплексиран за да си ги лечам комплексите, тие имаат комплекси , а уште полошо ги рекламираат во јавноста.*“

https://www.youtube.com/watch?v=a7FlhIOmhFg






Коментар: „*БЕСИЛКА ЗА ПЕДЕРИТЕ! ИЛИ ГАСНА КОМОРА, УШТЕ ПОДОБРО, ТРЕБА ДА СЕ УБИЈАТ ТИЕ БОЛНИ СТВОРЕЊА, ГОСПОД ГИ НАПРАВИЛ АДАМ И ЕВА, А НЕ АДАМ И СТЕВО!!!*“




https://www.youtube.com/watch?v=X3G3DyQBd4M




**Говор на омраза кон мигрантските заедници**

Иако карактеристичен за западноевропските земји, во кои со децении наназад живеат мигрантски заедници, со последната криза се интензивира присуството на интернет и на ваков тип на говор на омраза. Се очекува во иднина во Република Македонија, ваквиот вид на говор на омраза насочен кон бегалците или мигранти од блискиот и средниот исток, да добие во интензитет.

Во прилог даваме еден постар пример:

(http://forum.kajgana.com/threads/%D0%9D%D0%BE%D0%B2%D0%BE-%D0%BC%D0%B0%D1%81%D0%BE%D0%B2%D0%BD%D0%BE-%D0%B4%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%BB%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D1%81%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D1%80%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0.76672/page-2)

Коментар: „*Пак ли наезда од штетници...има ли оваа држава план за дератизација или да си фаќаме магла од тука. Ебати животот и државата кога ја делиш со суб-човечки створења.*“




## Заклучоци и препораки

Кога се работи за говорот на омраза на социјалните мрежи, од истражувањето може да се забележи дека истиот е присутен во сите облици и влијае за креирање на предуслови за појава на криминал од омраза. Отсуството на регулација придонесува говорот на омраза да се користи особено во услови на интензивна политичка мобилизација, но и во секојдневната комуникација на корисниците на ваквите мрежи.

Од основите, на социјалните мрежи во Република Македонија присутни се говорот на омраза врз основа на религиската и етничката припадност, говор на омраза на политичка основа, понатаму, врз основа на сексуалната ориентација, но и втемелен на професионалната ориентација и кон мигрантските заедници. Традиционалниот говор на омраза, најчесто е синтетизиран и има повеќе основи во исто време. Во најексплицитна форма се јавува говорот на опраза врз основа на сексуалната ориентација, а како нова форма на говор на омраза е оној кој е насочен кон мигрантите од кои последните години транзитираат низ Македонија.

Отсуството на регулација, и наднационалниот карактер, во најостра форма го манифестира говорот на омраза на you tube, додека на facebook и twitter, како и на форумите, постои одреден степен на внатрешна саморегулација и тенденција на намалување.

Од овој труд може да се изведат следните препораки:

- Да се зголеми мониторингот на социјалните мрежи и преку укажувања да се делува за намалување на говорот на омраза;

- Да се стимулира саморегулацијата, преку обуки за информирање на корисниците на социјалните мрежи, каде може да пријават говор на омраза;
- Потребна е нормативна регулација на социјалните мрежи, со забелешка, да се внимава да не дојде до ограничување на слободата на говор;
- Меѓународна соработка за превенција на говорот на омраза, особено на платформите, како што е you tube, со цел да се намали присуството на говорот на омраза;
- Подигање на севкупната општествена свест по ова прашање, особено кај помладите категории на население, кои најчесто се јавуваат како креатори на говор на омраза, но истовремено и се цел на говор на омраза.

656.8(497.7)„2008/2012”

# ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОШТЕНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Диана Бошковска**

Вонреден професор, „Универзитет Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Економски институт-Скопје,

e-mail: diana@ek-inst.ukim.edu.mk

**Наташа Данилоска**

Виш научен соработник, „Универзитет Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Економски институт-Скопје,

e-mail: natasha.daniloska@ek-inst.ukim.edu.mk

**Елизабета Џамбаска**

Доцент, „Универзитет Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Економски институт-Скопје,

e-mail:beti@ek-inst.ukim.edu.mk

**Александра Лозаноска**

Доцент, „Универзитет Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Економски институт-Скопје,

e-mail:sandra@ek-inst.ukim.edu.mk

**Апстракт**

Поштенскиот сообраќај претставува еден од клучните начини за комуникација во современиот свет кој под влијание на техничко-технолошкиот развој, либерализацијата на пазарот, глобализацијата на регионално и светско ниво, претрпе суштински промени. Традиционалниот поштенски пазар кој што се базираше на комуникации меѓу индивидуи, се повеќе еволуира во правец на

развој на бизнис комуникациите. Имено, традиционалниот поштенски пазар кој што се базираше на комуникации меѓу индивидуи, се повеќе еволуира во правец на развој на бизнис комуникациите. Процесот на либерализација на поштенскиот сектор услови покрај националните поштенски оператори да се појават и приватни поштенски оператори со што заживува конкуренцијата на поштенскиот пазар. Дополнително, интензивниот развој на инфорамтичко-комуникациската технологија условува и соодветни техничко–технолошки промени во функционирањето на овој сектор.

Настојувањата во овој труд е да се согледаат предизвиците со кои се соочува поштенскиот сектор во Република Македонија, како и можостите и капацитетите на државата и на самите поштенски институции да ги унапредат поштенските комуникации. Во трудот ќе биде даден кус преглед на изменетата улога на поштенските комуникации, со посебен осврт на состојбите и факторите кои влијаат врз нивниот развој во Република Македонија. Исто така, ќе биде направена анализа на оперативното и финансиското работење, како и на структурата на услугите. Целта е да се идентифукуваат соодветни насоки и препораки за идниот развој на поштенските комуникации во Република Македонија.

***Клучни зборови:*** *комуникација, поштенска коминикација, развој на поштенските услуги, Република Македонија*

# CHALLENGES AND OPPORTUNITIES FOR IMPROVEMENT OF POSTAL COMMUNICATIONS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Diana Boshkovska**

Associate professor, University Ss. Cyril and Methodius in Skopje, Institute of Economics – Skopje,

e-mail: diana@ek-inst.ukim.edu.mk

**Natasha Daniloska**

Senior research associate, University Ss. Cyril and Methodius in Skopje, Institute of Economics – Skopje,

e-mail: natasha.daniloska@ek-inst.ukim.edu.mk

**Elizabeta Djambaska**

Assistant professor/Research associate, University Ss. Cyril and Methodius in Skopje, Institute of Economics – Skopje,

e-mail: beti@ek-inst.ukim.edu.mk

**Aleksandra Lozanoska**

Assistant professor/Research associate, University Ss. Cyril and Methodius in Skopje, Institute of Economics – Skopje,

e-mail: sandra@ek-inst.ukim.edu.mk

**Abstract**

Postal communications are one of the key ways of communication in the modern world that has undergone crucial changes caused by the influence of technical and technological development, regional and international globalization and market liberalization. Namely, traditional postal market which was based on the communication

between the individuals has seen an increasing evolution towards the business communications. i.e. the communication between the companies and the letter has transformed from an instrument of personal communication between individuals into an instrument of business and commercial communication. As a result of the liberalization of postal market, along to the national postal operators, private postal operators emerged and intensify the competition. In addition, postal communications are under great pressure of intense development in the field of information and communication technology (ICT).

Main intention of this paper is to investigate the challenges facing the postal communication in the Republic of Macedonia, as well as possibilities and capacity of the state and of postal institutions to improve this type of communications. The paper will present brief overview of the changing role of postal communication, with particular reference to the conditions and factors affecting their development in the country. Integral part of the paper will also be an analysis of the operational and financial performance as well as the service structure. Main aim is to identify appropriate guidelines and recommendations for the future development of postal communications in the Republic of Macedonia.

***Keywords:*** *communication, postal communication, development of postal services, Republic of Macedonia*

## 1. Проблеми со кои се соочува поштенскиот сообраќај денес

Поштенскиот сообраќај денеска функционира во променети услови. Најновите трендови на работење на поштата во развиените земји се детерминирани од опкружувањето во кое што поштата дејствува, а во кое се одвиваат бројни и динамични промени. Промените условени од глобалната економска криза се само едни во низот, меѓутоа и под такви услови поштенскиот сектор продолжува да игра значајна улога на глобален план.

Во светот во поштенскиот сектор се ангажирани повеќе од 5.5 милиони луѓе и располага со над 660.000 пошти што го прави еден од работно-најинтензивни индустрии и најголема светска дистрибутивна мрежа. Значењето на поштенскиот сектор разгледувано низ призма на неговото учество во остварениот бруто домашен производ и неговото учество во вкупната вработеност се забележува и кај европските земји. Во 27 земји членки

на Европска унија, Норвешка, Исланд, Швајцарија во 2009 година, придонесот на поштенскиот сектор во оствареениот бруто домашен производ изнесувал околу 0.6%, или 7.02 милјарди евра, а учеството на поштенскиот сектор во вкупната вработеност за разгледуваната група европски земји изнесувал 0.75%.[1]

Глобалната криза имаше негативни ефекти во сегментот на писмоносни и експресни пратки, додека финансиските услуги и пакетските пратки покажуваат раст. Во четвртиот квартал на 2008 година во целиот свет, обемот на писмоносните пратки во внатрешниот сообраќај падна за 5.9% во споредба со истиот квартал претходната година. Негативниот пад продолжува и во првиот и вториот квартал на 2009 година, кога во однос на истите квартали претходната година бележи пад од 11.7%. Сето ова допринесе и за пад на приходите.[2]

Ситуацијата е нешто подобра кај писмоносните пратки во меѓународниот сообраќај. Делот на експресните пратки во последниот квартал на 2008 година и првите два квартала на 2009 година исто така покажува негативен тренд и во обем и во остварен приход. Пакетските услуги пак бележи раст на приходите во текот на цела 2008 година. Збирно, во внатрешниот и меѓународниот сообраќај овој раст во четвртиот квартал изнесуваше 2.1%.[3] Позитивниот тренд на работење, бележи и секторот на финансиски услуги. Многу тешко се доаѓа до прецизни информации за изолираниот ефект на глобалната економска криза во работењето и приходите остварени во поштенскиот сектор во глобала или поединечно по земји. Сепак неколку национали поштенски оператори и тоа од Република Чешка, Грција, Унгарија, Исланд, Луксембур, Норвешка, Португалија, Словенија и Словачка успеаа да го проценат ефектот на глобалната криза по поединечни услуги.[4]

Негативниот тренд на глобалната економска криза посебно е изразена кај приходите во делот на публикации, директна пошта, адресирани и неадресирани пратки. Ова се објаснува со падот на приватната потрошувачка и намалени трошоци за маркетинг и реклами во 2009 во однос на 2008 година, што е директна последица на кризата. Пакетските услуги, прекуграничната

---

[1]http://postel.sf.bg.ac.rs/downloads/simpozijumi/POSTEL2011/2.htm, пристапено на 10.02.2015.

[2]Исто.

[3]Исто.

[4]Поопширно види на http://postel.sf.bg.ac.rs/downloads/simpozijumi/POSTEL2011/2.htm, пристапено на 10.02.2015.

пошта и резервираните услуги, бележат помал пад на приходите. Само три национални оператори успеаја да остварат зголемување на своите приходи во делот на пакетски услуги, а кај резервираните услуги тоа им успеа на поштенските оператори на Грција и Словенија.

Друг проблем со кој се соочува поштенскиот сообраќај денес е конкуренцијата. Секторот за поштенски услуги е под значителна трансформација последните децении. Доминантни процеси на европскиот пазар се либерализацијата и приватизацијата, со една цел а тоа е јакнење на конкуренцијата. Основна корист од конкуренцијата од аспект на корисниците на поштенските услуги се: пониски цени и поголем избор. Од аспект на поштенските оператори поголем степен на конкуренција води кон подобра информираност, а со тоа и поефикасни одлуки. Најважно е да се разбере веќе присутниот и очекуваниот развој на конкуренцијата во процесот на постепена либерализација и нејзиното влијание на пазарната структура и пазарните перформанси, вклучувајќи ја универзалната поштенска услуга. Кај конкуренцијата на европскиот пазар фокусот пред се е на делот на адресирани пратки. Потенцијалниот влез на нови конкуренти е пред се поврзан со регулаторната рамка. Во делот кај резервираните услуги не постои страв од влез на нови конкуренти, но постои можност за потенцијален влез на компании кои се основаат за сопствени потреби и развиваат мрежа за собирање и достава од почеток-како гринфилд инвестиции. Тоа обично се компании кои се активни во испораката на неадресирана пошта, големи праќачи, издавачи и понудувачи на база на податоци со адреси и др. Компетитивната моќ на корисниците на поштенски услуги посебно е голема кога како корисници се јавуваат големи субјекти кои што работат со потрошувачите како што се: банките, осигурителните компании, комуналните претпријатија и издавачките куќи. Големите корисници на поштенски услуги можат да поставаат услови поштенските оператори да ја скратат фреквенцијата на испорака (на пример банкарски извештаи) а повеќе внимание да посветат на испораката на својата интерна пошта или пак да бараат дополнителни начини за комуникација со своите клиенти.

За разлика од пазарот на писмоносните услуги каде конкуренцијата не е застапена во доволна мера, пазарот на пакетски, курирски и експресни пратки се карактеризира со поголемо ниво на конкуренција како на ниво на Унијата така на ниво на самите држави членки. На овој пазар постојат неколку оператори: ДХЛ, УПС, ТНТ, Фedex, LaPoste, RoyalMail.

Како голем проблем со кој се соочува поштенскиот сообраќај денес е и нелојалната конкуренција, односно работата во услови на нелојална конкуренција.

Во поглед на конкуренцијата треба да се спомене и потребата од намалување на трошоците во работењето и воведување на нови услуги од страна на поштенските оператори, што од своја страна е условено од развојот на нови информатичко-комуникациски технологии. Нивната примена во почетокот означува потреба од издвојување на повисоки суми на пари за инвестиции, но во натамошниот период од нивното користење тие би овозможиле намалување на оперативните трошоци, зголемување на ефикасност и ефективности при вршењето на поштенските и другите видови на услуги, а со самото тоа и поголемо задоволство кај корисниците на овие услуги.

## 2. Анализа на пазарот на поштенски услуги во Република Македонија

Пазарот на поштенски услуги во Република Македонија е регулиран со Законот за поштенски услуги[5], а потребата од регулирање на пазарот за поштенски услуги е токму отпочнувањето на процесот на либерализација и појавата на првите приватни даватели на поштенски услуги,односно зголемување на конкуренцијата на пазарот. Всушност со донесувањето на Законот за поштенски услуги и секундарната легислатива во 2011 година се регулираат општите услови за обезбедување на универзална услуга, параметрите за квалитет, критериумите на поштенската мрежа, решавањето на спорови, обврска за доставување податоци и општи одредби од значење за работата на Агенцијата за пошти.

За согледување на специфичностите на македонскиот поштенски сектор, односно пазар се прави анализа на истиот од повеќе аспекти и тоа:

- Бројот на лиценцирани даватели на поштенски услуги;
- Бројот на вработени во поштенскиот сектор;
- Обем на поштенски услуги;
- Остварените финансиски резултати на давателите на поштенски услуги и
- Обемот на поштенски пратки по глава на жител.

[5]Закон за поштенски услуги, Сл. весник на РМ бр.9/08,158/10.

За обезбедување на поштенски услуги на територијата на Република Македонија секој правен субјект мора да поседува овластување од Агенцијата за пошти. Постојат два типа на дозволи за обезбедување на услугите и тоа: Стандардна дозвола и општо овластување. Со законот за поштенски услуги во 2010 година[6], се измени начинот и формата на издавање на дозволите, при што стандардната дозвола и одобрението се заменети со општо овластување, така што различни видови дозволи по истекот на нивното важење се заменуваат со Општо овластувања.

Во поштенскиот сектор во Република Македонија постојат поголем број на лиценцирани даватели на поштенски услуги, што е и една од основните цели на либерализацијата на пазарот на поштенски услуги. Во 2015 година на пазарот на поштенски услуги оперираа 28 даватели на поштенски услуги, што претставува зголемување за 7 нови даватели на поштенски услуги споредено со 2012 година.[7]

За обезбедување на универзална услуга која треба да е достапна до сите корисници, под еднакви услови и цени, Агенцијата за пошти издава индивидуална дозвола со која се дефинираат и обврските за давателот на универзалната услуга. Индивидуална дозвола со времетраење од 5 години има само обезбедено Македонска пошта и тоа уште во 2008 година со која обезбедува вршење универзалната услуга со резервирана поштенска услуга до 50 грама на целата територија на Република Македонија. За разлика од неа, останатите даватели на поштенски услуги имаат општо овластување. До 2010 овие субјекти имаат стандардна дозвола, но со измените на Законот за поштенски услуги како што и претходно беше напоменато добија општо овластување.

При анализата на бројот на вработени во поштенскиот сектор, се анализира периодот 2008-2013 година. Од податоците од Државниот завод за статистика, а кои се однесуваат на 2013 година се  утврдува дека од вкупниот број вработени во нашата земја 0,39 % се вработени во поштенскиот сектор.[8]

Од податоците во Табела 1 се утврдува  дека бројот на вработени во поштенскиот сектор е во раст така што во 2013 година постои зголемување од 8, 6 % на бројот на вработени во споредба со 2008 година, односно бројот на вработени од 2471 во 2008 година се зголемува на 2683 во 2013 година. Притоа, во вкупниот број на вработени доминара учеството на бројот на вработени во

[6]Исто.
[7]http://www.ap.mk/resource/statIzvestaj/Statisticki_izvestaj_2012, пристапено 10.02.2015.
[8] Исто.

Македонска пошта, во однос на бројот на вработени кај сите други останати даватели на поштенски услуги и тоа со над 80 %.

Исто така од податоците во Табелата 1 може да се забележи дека споредбено 2008 со 2013 година, бројот на вработени во Македонска пошта останува на приближно исто ниво. Поголемо намалување се забележува во 2010 година. За разлика од ова, кај останатите даватели на поштенски услуги бројот на вработени константно се зголемува од година во година. Врз основа на тоа се согледува дека растот на бројот на вработени во поштенскиот сектор е резултат на зголемувањето на бројот на вработени кај останатите даватели на поштенски услуги. Ваквиот тренд се очекува да продолжи и понатака како резултат на либерализацијата на пазарот и зголемувањето на конкуренцијата на пазарот на поштенски услуги.

Во поглед на разместеноста на вработените кај другите даватели на поштенски услуги, се забележува дека постои нерамномерна распостранетост на кадарот, имено концентрацијата на кадар е само кај неколку даватели на услуги (ДЕЛЦО, Карго Експрес, Глобко Логистик, ДХЛ).[9]

**Табела 1. Структура на вработени во поштенскиот сектор за период 2008-2013 година**

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ад Македонска пошта** | 2285 | 2215 | 2151 | 2361 | 2288 | 2217 |
| **Останати даватели на поштенски услуги** | 186 | 256 | 239 | 314 | 381 | 466 |
| **Вкупно** | 2471 | 2473 | 2390 | 2675 | 2669 | 2683 |

Извор: http://www.ap.mk/resource/statIzvestaj/Statisticki_izvestaj_2013 стр.8, пристапено на 10.4.2015

9 http://www.ap.mk/resource/statIzvestaj/Statisticki_izvestaj_2013 стр.9., пристепено на 10.4.2015.

При анализата на поштенскиот сектор земен е предвид и обемот на поштенскиот пазар. За таа цел како период на анализа е земен периодот 2008/2013 година, а сознанијата од истата се дадени во Табела 2.

**Табела 2. Обем на поштенски услуги по даватели на поштенски услуги за период 2008-2013 година**

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **АД Македонска пошта** | 56,111,865 | 57,102,099 | 62,7686,73 | 73,591,367 | 66,225,179 | 48,523,908 |
| **Останати даватели на поштенски услуги** | 378,380 | 1,406,158 | 863,783 | 788,119 | 1,151,214 | 2,565,984 |
| **Вкупно** | 56,490,245 | 58,508,257 | 63,632,456 | 74,379,486 | 67,376,393 | 51,089,892 |

Извор: Статистички извештај за поштенските активности во Република Македонија за 2012 (стр.11) и за 2013 година (стр.10), Агенција за пошти на РМ.

Од компаративната анализа се согледува дека обемот на услуги на поштенскиот пазар до 2011 година бележи континуиран раст, што е резултат на континуираниот раст на поштенските пратки кај Македонска пошта. За разлика од тоа, по 2011 година внупниот обем на пошенскиот пазар се намалува, така што во 2013 година истиот се намалува за 3.1 % во однос на 2012 година, односно 9,5 % во однос на 2008 година. Притоа за обележување е дека намалувањето на вкупниот обем на поштенскиот пазар за овој период е резултат на намалувањето на обемот кај Македонска пошта, бидејќи кај останатите даватели на услуги постои континуиран раст, односно во 2013 во споредба со 2012 година поштенските пратки се зголемуваат за 122, 8 %. Но, и покрај овој висок процент на раст на поштенските услуги кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар, со оглед на нивното мало учество во вкупниот обем на поштенски услуги (под 20 %) не придонесува до позначајно влијание врз вкупниот обем на услуги на поштенскиот пазар за овој период.

Со оглед на тоа дека потојат повеќе видови на поштенски услуги кои ги обезбедуваат давателите на поштенски услуги на македонскиот поштенски пазар потребно е да се согледа и динамиката и обемот на извршување на овие различни видови услуги, за да се добие поцелосна слика за поштенскиот пазар во Република Македонија за изминатиот период.

**Табела 3. Обем на поштенски услуги по видови услуги кај поштенскиот сектор (2008-2012)**

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| **приходи** | 1,335,692,682 | 1,539,912,984 | 1,952,608,491 | 2,060,092,475 | 1,983,761,304 |
| **расходи** | 1,376,149,220 | 1,480,156,881 | 1,757,088,769 | 1,953,787,248 | 1,971,201,773 |
| **финансиски резултат** | **-40,456,538** | **59,756,103** | **195,519,722** | **106,305,227** | **12,559,531** |

Извор: Пресметано врз основа на податоци од Статистички извештај за поштенските активности во Република Македонија за 2012, Агенција за пошти на РМ, стр.15,16

Во табелата 3 е наведен обемот на поштенските услуги по видови на услуги споредбено за периодот 2008-2012 година на ниво на поштенски сектор (за АД Македонска пошта и за останатите даватели на поштенски услуги, заедно). Од табелата се забележува дека во вкупниот обем на поштенски услуги доминираат писмоносните услуги, потоа следат другите поштенски и поврзани услуги, а најмало е учеството на пакетите. За одбележување е трендот кој настанува кај видовите услуги почнувајќи од 2010 година. Имено, во 2010 година доаѓа до драстично зголемување на писмоносните услуги на сметка на другите поштенски и поврзани услуги, која состојба се задржува и во следните години од анализираниот период.

При анализата на поштенскиот сектор се согледува и финансискиот резулат од работењето на давателите на поштенски услуги за период 2008-2012 година. Од податоците во Табела 4 може да се констатира дека работењето на давателите на поштенски услуги варира од година во година. Имено во 2008 година е остварена загуба од 40,456,538 денари, за да во 2010 година се оствари најдобар финансиски резултат, добивка од 195,519,722 денари, а потоа во следните години да се остварува и понатака позитивен резултат, но со тенд на намалување. За 2013 година се расплага само со податоци за остварените приходи, но не и за остварените расходи.[10] Според тоа, гледано од аспект на остварените приходи во периодот кој е земен за анализа, во 2013 година е остварен највисок износ на приход од 2,249,734,344 денари.

[10] Статистички извештај за поштенските активности во Република Македонија за 2013, Агенција за пошти на РМ, стр.24

**Табела 4. Финансиски резултат на давателите на поштенски услуги за период 2008-2012 (во денари)**

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| **приходи** | 1,335,692,682 | 1,539,912,984 | 1,952,608,491 | 2,060,092,475 | 1,983,761,304 |
| **расходи** | 1,376,149,220 | 1,480,156,881 | 1,757,088,769 | 1,953,787,248 | 1,971,201,773 |
| **финансиски резултат** | **-40,456,538** | **59,756,103** | **195,519,722** | **106,305,227** | **12,559,531** |

Извор: Пресметано според податоци од Статистички извештај за поштенските активности во Република Македонија за 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, Агенција за пошти на РМ

Што се однесува пак до процентот на вкупните остварени приходи од поштенскиот сектор во однос на вкупните приходи во Република Македонија во 2013 година истиот изнесува 4,5% (процент од БДП во 2013 година).[11]

**Табела 5. Број на пратки по глава на жител за период 2009-2013 година**

| | |
|---|---|
| **2009** | 42518,00 |
| **2010** | 42643,00 |
| **2011** | 42455,00 |
| **2012** | 42546,00 |
| **2013** | 42575,00 |

Извор: Статистички извештај за поштенските активности во Република Македонија за 2012, Агенција за пошти на РМ, стр.21.

За развиеност на поштенскиот сектор како показател се користи и бројот на поштенски пратки по жител. Врз основа на Табела 5 се согледува дека бројот на пратки за периодот 2009-2012 година се движи од 28,5 до 30,9 пришто најголем обем на пратки по жител е остварен во 2011 година (30,9), а најмал во 2013 година (24,7).

[11]Статистички извештај за поштенските активности во Република Македонија за 2013, Агенција за пошти на РМ, стр.25.

### 3. Мерки и насоки за развој на македонскиот поштенски сектор

Врз основа на анализата на поштенскиот сектор се забележуваат одредени позитивни трендови во работењето на поштенскиот сообраќај во Република Македонија. Но, сепак со оглед на бројните предизвици со кои се соочува денес поштенскиот сообраќај нужни се мерки со кои би се продолжил понатамошниот развој на овој вид сообраќај во новите услови на работење, како на локално, така и на глобално ниво.

Зголемувањето на степенот на конкуренција на поштенскиот пазар ја наметна меѓу другото и потребата за негова регулација, а тоа значи уредување на секторските односи на целиот поштенски пазар или целата поштенска индустрија. Измените во легислативата[12] се однесуваат на измена на четири подзаконски акти во повеќе области.

Првата е измена на правилникот за општите услови за обезбедување на универзална услуга –во делот на правото за рекламации и приговори и на правилникот за задолжителните елементи на општите услови за обезбедување на поштенски услуги [13] заради подобра заштита на правата на корисниците на поштенски услуги. Оваа промена произлегува од причина што досега поставениот рок од 24 часа за рекламирање на оштетена пратка е доста краток во услови на зголемен обем на е-трговија. Со оваа измена на корисниците им се дава право да реагираат и по истек на 24 часа од доставата.

Втората измена е во правилникот за задолжителните елементи на општите услови за обезбедување на поштенски услуги[14] во делот достава на поштенските пратки, а со цел дефинирање на минимум стандарди за постапување на операторот во т.н. лична достава. Услугата лична достава во време на зголемена фреквентност и обем на пратки од нотари, извршители, која според Агенцијата за пошти во текот на 2014 година е лошо организирана бидејќи поголем дел од тужените нотарски платени налози се укинати поради неуредна достава, доведе до неопходност на воведување на нови решенија, како на пример воведување на ИТ системи за следење и др.

Трета измена на правилникот за задолжителните елементи на општите услови за обезбедување на поштенски услуги[15] е со цел дефинирање на минимум стандарди и технички услови за постапување на операторот во целиот процес на вршење на услугата. Бидејќи во текот на 2014 година четири

[12]Годишна програма на Агенцијата за пошти 2015, Агенција за пошти, стр.10.
[13]Службен весник бр.173/ 2011.
[14]Исто.
[15]Исто.

автобуски превозници поднеле нотификација за добивање на општо овластување од Агенцијата за пошти за обезбедување на внатрешен поштенски сообраќај, со оваа измена се предвидува дополнување со ново поглавје во кое ќе се дефинираат минимум техничките услови за обезбедување на поштенски услуги. Ова е се со цел да се обезбеди пред се сигурност на пратките.

Четврта измена е во правилникот за видовите на финансиски податоци и информации поврзани со обезбедувањето на поштенски услуги и начинот на нивно доставување. [16] Измената е на образецот –Извештај за обезбедување поштенски услуги, а со цел да се добијат подетални и попрецизни информации кои ќе овозможат следење на законските обврски за достава на информации и промовирање на обврската за одржување на интегритетот и безбедност на поштенските услуги и мрежи. Анализите на Агенцијата за пошти евидентираат растечки тренд на бројот на домашни фирми кои се занимаваат исклучително со достава на пратки од нотари и извршители. Заради тоа, а и со цел да се добијат јасни информации за овој вид услуги и за капацитетот на мрежите на операторите, ќе се пропишат дополнителни критериуми за поднесување податоци со пообемни информации.

Исто така има потреба од изменување на правилникот за критериумите за пристап до универзална услуга, со утврдување на подрачјата на единиците на мрежата,растојанието меѓу поштенските единици и бројот на поштенските сандачиња[17]. Ова е со цел уредување на условите и критериумите под кои се склучуваат договори за отварање на нова договорна пошта и усогласување на критериумите за густина на точките за пристап до универзална поштенска услуга и работното време на единиците на поштенска мрежа. Ова се носечките критериуми според кои се оценува капацитетот на давателот да ја направи универзалната услуга достапна до корисниците.

Производите од т.н. е-трговија во меѓународниот сообраќај со подзаконскиот акт[18] донесен од страна на Владата на Република Македонија со кој се ограничува вредноста на стоката во поштенските пратки до која се ослободени од плаќање на увозни царински давачки, е сериозна пречка во развојот на поштенскиот пазар кај пакетската достава. Со подигнување на износот на вредноста на стоката од 45 на 150 евра или изедначувањето на оваа вредност со вредноста утврдена за безцарински извоз на стоки за лична

[16]Службен весник на Република Македонија,146/2011,член 2 точка 5,6,7,8.

[17]Службен весник на Република Македонија,146/2011.

[18]http://www.customs.gov.mk/image/uredba%20zaosloboduvanjeizmena%20i%20dopolnuvanje/

употреба во патниот сообраќај (350 евра) би се создале услови за непречен пораст на обемот на меѓународниот поштенски сообраќај.

Следењето и контролата на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга е уште една мерка во процесот на регулирање на поштенскиот пазар. Имплементацијата на овој систем за посебно сметководство е во врска со главните надлежности на Агенцијата за пошти, како што се регулирање на цените на поштенските услуги, цените на пристап на поштенска мрежа, пресметување на нето трошоци на универзална услугаи спречување на внатрешното субвенционирање на другите услуги кои ги обезбедува давателот со приходите од универзалната услуга. Затоа е потребно следење и контрола на процесот за посебно книговодство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга.

Последната мерка се однесува на надзор над давателите на поштенски услуги кои поседуваат општи овластувања издадени од страна на Агенцијата за пошти, а тоа ќе го вршат овласени лица од Агенцијата за пошти. Ваквиот надзор треба да се спроведува како редовен надзор над спроведувањето на Законот за поштенски услуги, вонреден надзор-врз основа на иницијатива од корисници и контролен надзор по истек на рокот во решението донесено од страна на Директорот на Агенцијата.

Во однос на меѓународната соработка, во време кога постои тренд на сегментација на поштенските услуги и особено брз развој на информатичката комуникација, меѓународните активности имаат големо значење за Агенцијата за пошти. Основна цел на овие меѓународни активности е стекнување меѓународни знаења, искуства и примена на најдобрите европски пракси во областа на регулирање на пазарот на поштенски услуги во Република Македонија.[19]

Активностите со меѓународните организации треба да продолжат со учество во рамките на Европската група за поштенски регулации (ERGP), Европскиот комитет за поштенски регулатори (CERP) и Светскиот поштенски сојуз.

ERGP е формирана во 2010 година од страна на Европската комисија како работно тело кое преку дискусии и извештаи ја советува Европската комисија во процесот на донесување на одлуки во областа на поштенските услуги.

[19]Годишна програма на Агенцијата за пошти 2015, Агенција за пошти, стр.29.

Република Македонија активно учествува во активностите на ERGP како неформален член.

Агенцијата за пошти и во следните години треба да учествува во дискусиите за изготвување извештаи донесени во ERGP од областа на: регулирање на цени за универзална услуга, нето трошоци за универзална услуга, подобрување на задоволството на корисниците и мониторинг на извршувањето на пазарот на поштенски услуги, конкуренцијата, развој на доставата на меѓународни пакети преку електронска трговија.[20]

Активностите во рамките на CERP пред се се насочени кон регулаторните прашања од областа на поштенските услуги и воспоставување на кооперација со Европската унија и односи со релевантни тела од областа на поштенските услуги. Овие активности се: координација на Европските ставови во правец на либерализирање на пазарот на поштенски услуги, одлуки во доменот на легислативните прашања поврзани со европската директива, изготвување на меѓународна поштенска директива и др.

Во насока на развојот на поштенскиот сектор е и поголемиот број на меѓународни проекти кои Агенцијата за пошти планира да ги реализира под организација на Европската комисија финансирани преку инструментот за краткорочна техничка помош на Европската унија (IPA), а се реализираат преку програмата за краткорочна техничка помош за земјите кандидати за влез во Европската унија (TAIEX). Поконкретно, врз основа на позитивните искуства и бенефиции, Агенцијата за пошти планира неколку проекти. Но, како позначајни би се истакнале проектот во делот на мониторинг на мерењето на преносот на писмоносните пратки во согласност со европскиот стандард МКТИ ЕН 13850:2002+А1 усогласен со новиот стандард од 2012 година, со план овој проект да се реализира во рамките на студиска посета на некоја Европска земја, како и (TAIEX) проект кој треба да биде во областа на дефинирање на условите за обезбедување на поштенски услуги односно процедурите за издавање на општи овластувања (лиценцирање во рамките на транспортните услуги и превоз на патници, содржината на општото овластување за правните или физичките лица и др.). [21]

[20]Исто, стр.30.
[21]Исто, стр.32.

## ЗАКЛУЧОК

Поштенските услуги се услуги од јавен интерес и тие се длабоко навлезени во основните потреби на граѓаните. Промените кои се случуваа во јавниот сектор значително влијаат и на поштенскиот сектор.

Поштенскиот сектор во светот е соочен со големи предизвици пред се заради промените во потребите на клиентите, порастот на електронската трговија и брзиот технолошки развој, дерегулацијата, либерализацијата и глобализацијата. Поштенскиот пазар драматично се иззмени во текот на изминативе дваесет години од страната на побарувачката. Бројот на приватни поштенски оператори е во значителен пораст, а нивната концентрација е особено голем кај земјите во развој во густо населените урбани локалитети каде има голем проток на пошта.

Долго време глобалната конкуренција во поштенскиот сектор беше ограничена на мултинационалните компании за курирска и пакетска достава како што се: TNT express, DHL, UPS, FedEx. Иако поштенската дерегулација наведе на овие приватни мултинационални оператори да се гледа како на закана за домашните поштенски услуги, во последниве неколку години постои тренд на создавање нова слика за зголемување на конкуренцијата меѓу различните поштенски оператори на домашниот пазар. За таа цел неопходни се реформи на поштенскиот сектор, гледано како на локално, така и на глобално ниво.

Поштенскиот сектор во Република Македонија треба да се реформира за да биде во тренд со ново настанатите услови. Постојат повеќе причини за негово реформирање како што се: недоволен квалитет на поштенските услуги, несоодветно ориентирани поштенски услуги за задоволување на корисниците, лошите економски сотојби во земјата и регионот, силен развој на телекомуникациите и др.

Притоа реформите во поштенскиот сектор во Република Македонија треба да се одвиваат преку неколку компоненти и тоа: дефинирање на универзалната услуга, креирање на стратешки цели за развој на поштенскиот пазар, регулирање на Законот за поштенски услуги и подзаконски прописи и секако поштенските оператори. Притоа како стратешки цели се наведуваат: перманентно инвестирање во технолошкиот процес, промовирање на иновативни производи и услуги, унапредување на меѓусебната поврзаност на глобалната поштенска мрежа, задоволување на потребите на корисниците, а посебно на бизнис-корисниците преку воведување нови поштенски услуги, односно т.н. хибриден технолошки процес кој претставува комбинација од електронски средства за комуникации и поштенски услуги и сл.

## ЛИТЕРАТУРА

Годишна програма на Агенцијата за пошти 2015, Агенција за пошти.

Закон за поштенски услуги, Сл.Весник на Р. Македонија бр.55 од 2002, бр.9 од 18.01.2008, бр.158 од 2010.

Milan Vukotic: „Савремена пошта“стручно информативни часопис за поштенску индустрију бр.1/2008 ISSN-1452-0958.

Костовски Ристо: „Македонска пошта и Македонски Телекомуникации“ МИ-АН, Скопје,1998.

Ковач Јово: „Организација и економика ПТТ Саобраќаја“, 1992.

Милан Вукотич: „Савремена пошта“стручно информативни часопис за поштенску индустрију бр.1/2008 ISSN-1452-0958, Пошта Србије, 2008.

Маркович Зоран: „Савремена пошта“стручно информативни часопис за поштенску индустрију бр.1/2008 ISSN-1452-0958, Пошта Србије, 2008.

Правилник за утврдување методологија за мерење на квалитетот на универзалната поштенска услуга ,Сл. весник на РМ бр.158,Скопје 2011.

Правилник за општите услови за обезбедување на универзална услуга, Службен весник бр.173/ 2011.

Правилник за задолжителните елементи на општите услови за обезбедување на поштенски услуги, Службен весник бр.173/ 2011.

Правилник за видовите на финансиски податоци и информации поврзани со обезбедувањето на поштенски услуги и начинот на нивно доставување, Службен весник на Република Македонија,146/2011.

Правилник за критериумите за пристап до универзална услуга, Службен весник на Република Македонија,146/2011.

Статистички извештај за поштенските активности во Република Македонија за 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, Агенција за пошти на РМ.

http://www.customs.gov.mk/image/uredba%20za osloboduvanje-izmena%20i%20dopolnuvanje/.

http://postel.sf.bg.ac.rs/downloads/simpozijumi/POSTEL2011/2.htm.

http://www.ap.mk/resource/statIzvestaj/Statisticki_izvestaj_2012.

http://www.ap.mk/resource/statIzvestaj/Statisticki_izvestaj_2013.